НАТО-НЕДЕЛА | БИТКАТА КАЈ ХИДАСП | „МП 446 ВИКИНГ“ | ВОЈНАТА ВО ЈЕМЕН

# ШТИТ

Број 103
Мај 2018
50 денари
ISSN 1857-6710
9 771857 671002

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



## ОТВОРЕН ДЕН на АРМ
### на плоштадот „Македонија“

# „АРМ со вас“

**кедонија НАТО“**




изложбата присуствуваа и претставници на АРМ и Министерството за одбрана, заедно со одбранбените аташеи на земјите-членки на НАТО во Република Македонија од Франција, од САД, како и од Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје, претставник од Италија, кои преку активен дијалог со средношколците им ги пренесуваа своите искуства и знаења, стекнати за време на нивната работна кариера. Средношколците имаа можност да дознаат кој е придонесот од членството во оваа организација за Република Македонија, кои се целите на Алијансата, како може да се стане членка, со какви безбедносни предизвици се соочува оваа одбранбена организација од нејзиното формирање до денес, како да се стане дел од Армијата на Република Македонија, можностите за студирање на Воената академија и слично.







# содржина

ШТИТ ■ година X ■ број 103 ■ мај 2018

**Инфо** 5

На прва линија
**НАТО-недела** 6

Инфо
**НАТО-работилница за координација на воени партнерства** 8

24 часа
**Свечено одбележан Денот на Првата механизирана пешадиска бригада** 10

Инфо
**„Геопросторни подготовки при одговор при катастрофи“ - обука за системот NICS** 12

Глобал
**Разузнавачката заедница во креирање на националната безбедносна и надворешна политика** 16

Поводи
**Родова еднаквост во Република Македонија** 20

Едукација
**Историска форензика со оперативен дизајн: Битката кај Хидасп** 24

Вооружување
**„МП 446 Викинг“** 32

Вооружување
**„С-27 Spartan“** 38

Глобал
**Војната во Јемен** 44

Глобал
**Улогата на хуманитарците во конфликтните средини** 48

Бинарен код
**Најчести интернет-закани** 50

Филм
**„Дванаесетмина силни“** 56

# Шанса на младите за напредок

„Службата во Армијата не е само чест, не е само одговорност, тоа е и голема шанса за напредување, преку обуки кои ги реализираме во повеќе од дваесет земји во светот, шанса за дополнителни школувања и шанса за професија која возвраќа со понатамошен професионален развој“, беа зборовите со кои министерката за одбрана Радмила Шекеринска се обрати до јавноста, најавувајќи дека Министерството за одбрана ќе објави конкурс за прием на 125 нови професионални војници во редовите на АРМ. Конкурсот беше објавен, а во текот на оваа година оваа бројка ќе се дополни до целосен прием на 375 нови професионални војници во Армијата на Република Македонија.

Изминатиот месец април изобилуваше со настани и активности за кои пишуваме во овој број. Ќе се задржам на неколку активности кои придонесоа за популаризација на воениот позив и промоција на АРМ во јавноста. За прв пат во рамките на Денот на НАТО, освен трибини и научни дебати, на плоштадот „Македонија“ беше организиран настан наречен „Отворен ден на АРМ“, кој имаше цел да ја приближи Армијата до обичниот човек. Како дел од присутните на настанот, целосно можеме да потврдиме дека интересот на јавноста беше навистина голем. Сите присутни беа воодушевени од покажаната врвна обученост на припадниците на специјалните единици, љубопитно се разгледуваше опремата изложена на плоштадот, а промотивниот материјал, меѓу кој и нашиот магазин „Штит“, буквално беше разграбан, а најчесто поставувани прашања беа каде може да се добие уште некое издание.

Кампањата за промоција на воениот позив, која е во тек и се одвива во повеќе средни училишта во Републиката, исто така покажува дека постои интерес, но и дека младите и не биле доволно информирани за сите придобивки кои ги носи воениот позив.

И, како што нагласи и министерката Шекеринска во своето обраќање по повод објавениот конкурс за прием на нови професионални војници во АРМ, „АРМ со новите вработувања придонесува кон политиката на Владата на Р. Македонија за создавање нови работни места коишто ќе бидат подобро платени“. А, вработените во АРМ од пред некој месец веќе добиваат поголеми плати, а во тек се и други инвестиции за подобрување на стандардот и на условите за работа на припадниците на Армијата.

Чест и гордост е да се биде припадник на Армијата на Република Македонија, да се биде на браникот на татковината и во мисиите за одбрана на мирот, но Армијата има и голема обврска, да се грижи и да им дава шанса на младите да влезат во нејзините редови.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи (ликовно-графички и технички уредник),
Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева (лектор);
Александар Атанасов (фотографии)

Печати:
„ДАТАПОНС“
Скопје

Цената на еден примерок е 50 денари
Годишна претплата 600 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk



# Војната во Јемен




Во текот на XIX век, јужниот дел на Јемен претставувал британска колонија, додека северниот дел на земјата останал под власта на Османлиската Империја. По завршувањето на Првата светска војна, Северен Јемен добил независност, додека Јужен Јемен останува под британско административно владеење сè до 1967 година

Историјата на независен Северен Јемен била обележана со неколку насилни борби за превласт. Во 1978 година, по бурниот период кога двајца последователни претседатели на северен Јемен биле убиени, Али Абдула Салех (Ali Abdallah Saleh),бил назначен за претседател на 36-годишна возраст. Во годините што следеле северната јеменска Влада била во континуиран судир со левичарската влада предводена од Националниот демократски фронт (NDF - National Democratic Front). Односите меѓу Северен и Јужен Јемен се влошуваат во текот на 1970-тите преку граничниот конфликт кој избувнал кон крајот на февруари 1979 година. Мировен договор бил потпишан еден месец подоцна, по значителни напори од меѓународната заедница и Арапската лига. Договорот предвидувал обединување на Северен и Јужен Јемен. Сепак, овој процес значително се забрзува од 1988 година па наваму. Процесот на обединување бил завршен на 22 мај 1990 година, кога Арапската Република Јемен (Северен Јемен) се споила со Народна Република Јемен (Јужен Јемен) и беше формирана Република Јемен. Парламентите од Северен и Јужен Јемен го избраа Салех за претседател, а Али Салим ал Бид, поранешен лидер на Јужен Јемен за потпретседател. Поранешниот главен град на Северен Јемен, Сана, беше прогласен за главен град на Република



Јемен. Иако обединувањето само по себе било мирно, огорченоста на обединувањето била силна во јужните делови на Јемен. Во 1994 година, ова ескалира во војна кога Јужен Јемен се прогласи за независна држава. Меѓутоа, по два месеци на борби, северната Јеменска армија ја презеде контролата врз јужните делови и лидерите на новата држава ја напуштија земјата и ефективно го прекинаа конфликтот. Затегнатите односи меѓу северниот и јужниот дел на Јемен, не завршуваат и кон крајот 1990-тите години и почетокот на XXI век, кога организираните групи кои се нарекуваа „Јужно движење“ започнаа да повикуваат на немири. Владините сили и припадниците на јужно движење се судрија неколку пати за време на демонстрациите во јужниот дел на Јемен. На првите претседателски избори во 1999 година, како и на вторите во 2006 година, победи Салех. Покрај протестите од опозицијата, шефот на набљудувачката мисија на ЕУ ги опиша изборите во 2006 година како фер и демократски. Во текот на 2009-2011 година, владата на Јемен била во вооружен конфликт со лидерите на AQAP (Ал Каеда на Арапскиот Полуостров).

Конфликтот драстично ескалирал во 2011 година со повеќе од 1000 смртни случаи. Во текот на јануари 2011 година, владејачката партија објави дека ќе се обиде да ги отстрани ограничувањата на бројот на мандати за претседател, што наишло на силен отпор од страна на опозициските партии. Се јавуваат масовни протести, во голема мера инспирирани од настаните од таканаречената Арапска пролет, како и судирите меѓу лојалистичките и дисидентските групи, како и моќните племиња во Јемен кои се активираа во 2011 година. Претседателот Салех на крајот бил принуден да потпише договор за посредување со Советот за соработка во Заливот (GCC) на 23 ноември 2011 година. Со потпишувањето, тој, во замена за амнестија, вети дека ќе ги откаже сите претседателски овластувања до февруари 2012 година, кога заменик-претседателот Абд Рабух Мансур Хади (Abd Rabbuh Mansur Hadi) ќе биде избран за привремен претседател за период од две години. Како што беше планирано, оваа промена на моќ навистина стапи на сила на 21 февруари 2012 година. Внатрешната политичка нестабилност, противтерористичките операции на коалициските сили на НАТО и вмешаноста на соседните држави, придонесе во Јемен да се зголеми интензитетот на насилство и фрагментација на оваа држава. Државата се соочува со присуство на бунтовници предводени од Хоутис (Houthis), шиитски востанички групи со значајни врски со Иран и историски корени на бунтови против сунитската Влада. Во септември 2014 година бунтовничките групи на Хоутис воспоставуваат целосна контрола над Јеменскиот главен град Сана, воспоставувајќи пониски цени на горивата и нова Влада. Следејќи ги пропаднатите преговори, востаниците ја преземаат претседателската палата во јануари 2015 година, при што актуелниот претседател Абд Рабух Мансур Хади (Abd Rabbuh Mansur Hadi) и неговата влада биле разрешени. Во март 2015 година, коалицијата на државите од Персискиот Залив, предводени од Саудиска Арабија, спроведуваат воздушна кампања против Хоутистичките бунтовнички групи со логистичка и разузнавачка поддршка на САД.  Хади ја укина неговата оставка и се враќа во Јемен во септември 2015 година. ООН врши медијаторство помеѓу милитантните групи на Хоути со соборената Јеменска влада која не била во состојба да ја спроведе однапред усвоената резолуција. Интервенцијата на регионалните сили, вклучувајќи ги овде Иран и државите од Персискиот Залив предводени од Саудиска Арабија, во Јеменскиот конфликт се закануваат во Јемен да направат длабоки поделби во Сунитско-шиитскиот конфликт. Бројни вооружени групи од Иран до востаничките групи на Хоути беа следени од страна на саудиска поморска блокада од април 2015 година.  Како одговор, Иран испрати свој поморски конвој, што дополнително ја интензивираше воената ескалација меѓу двете земји. Во април 2016 година, САД распоредува мал тим на сили со цел да вршат советување и асистенција на трупите и  да ја преземат  територијата од „Ал Каеда“ на Арапскиот Полуостров. Нестабилната политичка состојба во Јемен формира вакуум за терористички и бунтовнички групи кои слободно оперираат низ територијата на Јемен. Фракциите на „Ал Каеда“ на Арапскиот Полуостров кои овде се формирани во 2009 година кога  се споија саудиската и јеменската фракција на „Ал Каеда“, се смета за една од филијалите на „Ал Каеда“ којашто е најопасна за






американската национална безбедност. Оваа фракција на „Ал Каеда“ ја искористи оваа прилика за да ја прошири својата територија и да ја искористи критичната инфраструктура за извршување на идни напади. Во меѓувреме, самопрогласената исламска држава, исто така, започна со операциите во Јемен, спроведувајќи напади во Сана, насочени кон Шиитите и штабот на Хоути (Houthi). Во 2015 година, Ансаралах ја собори владата предводена од претседателот Хади и ја презеде контролата над главниот град во јануари 2016 година. Според извештаите на UCDP, Ансаларах, тогаш се сметал за лидер на Владата во Јемен. Конфликтот помеѓу јеменската Влада и силите на Хади наскоро ескалирале во војна. Коалицијата предводена од Саудијците на 26 март 2015 година започнува воздушни напади против Владата на Јемен, за поддршка на силите на Хади.
Мировните разговори со посредство на ООН помеѓу сојузничките бунтовници од Хути (Houthi) и меѓународно признатата јеменска Влада беа прекинати во летото 2016 година. Кон крајот на јули бунтовниците предводени од Хоути ја соборија владата на претседателот Али Абдула Салех и го најавија формирањето на „Политичкиот совет“ за управување со Сана, главен и најголем град во Јемен. Борбата продолжува помеѓу бунтовниците и Владата на претседателот на Абд Рабух Мансур Хади (Abd Rabuh Mansour Hadi), поддржана од Саудиска Арабија. Во меѓувреме, конфликтот продолжува со зголемен интензитет, при што најголеми страдања има кај јеменското население. Сите страни кои се инволвирани во конфликтот известуваат дека сериозно се загрозени човековите права и меѓународното право, при што ООН проценува дека бројката на цивили кои се повредени или убиени последниве две години се движи околу 10.000 лица.
САД се длабоко вложени во борбата против тероризмот и насилниот екстремизам во Јемен. Тие во континуитет соработуваат со јеменската Влада за борба против тероризмот од бомбардирањето на американската Амбасада овде во 2000 година и почетокот на разузнавачките операции во Јемен со помош на беспилотни летала и дронови од 2002 година. Како и да е, целосната стратегија на САД во Јемен за борба против тероризмот најмногу се потпира на Јеменските копнени воени сили, меѓународен договор помеѓу САД и Јемен кој во моментов е суспендиран поради загубата на легимитетот на Владата во Јемен по убиството на поранешниот претседател Али Абдула Салех на 4 декември 2017 година од страна на бунтовничките сили на Хоути (Houthi). Континуираниот хаос во Јемен ги зголемува ризиците што ги носи јеменскиот тероризам, истовремено заканувајќи им се на капацитетите на САД да се справат со него. Покрај ова, ООН предупредува дека меѓународниот аларм за зголемување на хуманитарната помош е на алармантно ниво, од причина што бројот на раселени лица достигна над 3 милиони. ООН своите пресметки од потребата за зголемување на хуманитарната помош и згрижување на раселени лица со посредство на Меѓународниот црвен крст ја направи преку својата Канцеларија за хуманитарна помош (The UN’s humanitarian affairs office), велејќи дека меѓународната заедница треба повеќе да се вклучи во разрешувањето на војната во Јемен. Во оваа прилика заменикот-портпарол на генералниот секретар на ООН, господинот Фархан Хак (Farhan Haq), напомена дека ситуацијата во Јемен нема простор за одложување на решавањето на воената и хуманитарна криза. Војната го уништи Јемен, кој и претходно беше една од најсиромашните земји во арапскиот свет. Според официјалните извештаи на ООН, 19 милиони или 80% од вкупното население во Јемен е целосно зависно од

> Во јули 2015 година, директорот на Федералното биро за истраги, Џејмс Комеј, изјави дека „Исламската држава“ сега претставува поголема закана за САД од фракциите на „Ал Каеда“, особено поради поголемата закана од внатрешни напади на ИС по таканаречените „меки цели“. Советот за човекови права на ОН постојано и неуспешно се обидува да води меѓународна истрага за кршењата на човековите права во Јемен





хуманитарната помош, а преку 3 милиони лица се раселени.
Саудиска Арабија ја започна војната во Јемен во март 2015 година, откако бунтовниците на Хоути, поддржани од Иран, ја презедоа контролата врз главниот град на Јемен, Сана, и го соборија претседателот Абд Рабух Мансур Хади (Abd Rabbuh Mansour Hadi) преку државен удар. Претседателот, поддржан од Саудијците, избегал во јужниот град Аден, а потоа и во Ријадах. Саудиската кампања е поддржана од САД и од Велика Британија. Саудиска Арабија, како што времето изминува, не ги постигнува своите цели во оваа војна, којашто доведе до хуманитарна катастрофа. Голем број деца-војници се регрутирани, зголемен е бројот на заболени од разни епидемии и колера. Извршени се многу напади врз училишта, болници и цивилни области.
Коалицијата предводена од Саудиска Арабија е обвинета за повеќето цивилни жртви. Пустошот, исто така, го привлече вниманието и улогата на западните сили кои продолжија да го обезбедуваат Ријадах со оружје, логистичка поддршка и прикриени операции. Од друга страна, Хоутите се обвинети за кршење на човековите права. Во текот на 2015 година коалицијата предводена од Саудиска Арабија започна со бомбардирање на Хоути-бунтовниците, кои насилно се обидуваа да го симнат од власт јеменскиот претседател Хади (Abd Rabbuh Mansour Hadi). Скорешната посета на принцот Мухамед бин Салман (Mohammed bin Salman) од Саудиска Арабија на Британија, направи одредено дефокусирање на овој конфликт, кој прерасна во цивилна војна и хуманитарна катастрофа. Саудиска Арабија се обидува да ги неутрализира иранските прокси-групи Хоутис (Houthis). Саудиска Арабија води воздушна кампања со поддршка на воените сили кои се лојални на претседателот Хади, кој се обидува

> Во октомври 2017 година, Белата куќа започна ревизија на својата поддршка за коалицијата предводена од Саудиска Арабија, откако при воздушен напад за време на погреб во Сана загинаа повеќе од 140 лица и беа повредени 525 лица. Државниот секретар на САД, Џон Кери (John Kerry), исто така ја повика Саудиска Арабија веднаш да престане со непријателствата

да го поврати главниот град на Јемен, Сана, од владеењето на бунтовниците на Хоути. Коалицијата предводена од Саудиска Арабија повеќепати беше обвинувана за незаконски спроведените воздушни напади на цивилни цели, од кои некои подлежат и на воени злосторства. Властите во Ријадах (Riyadh) велат дека прават сè што може за да се избегнат цивилни жртви, иако експертската комисија на ООН, која ги разгледа 10-те воздушни напади на Саудиска Арабија, објави дека „Коалицијата предводена од Саудиска Арабија ги насочила воздушните напади на легитимни воени цели, при што многу е веројатно дека принципите на меѓународното воено и хуманитарно право на пропорционалност и мерки на претпазливост во нападот биле почитувани“. Саудиска Арабија направи целосна блокада на Јемен од воздух, од вода и на копно во ноември 2017 година, како одговор на Хоути-бунтовничките групи за нападот на аеродромот во Ријадах, со кои се спречи снабдување на храна на илјадници луѓе во Јемен.
ООН ја признава владата на лидерот Хади, која моментално е во егзил во Ријадах. Во текот на февруари 2018 година, Русија стави вето на нацрт-резолуцијата на Обединетото Кралство, која вклучуваше осуда на Иран за кршење на ембаргото на ООН во врска со снабдување на оружје во Јемен, поради тврдењата дека ги снабдувал проектилите што ги користеле Хутите, кои биле испукани кон аеродромот во Ријадах и друга критична инфраструктура.
Обединетото Кралство во февруари 2018 година изврши дипломатско влијание преку назначувањето на поранешниот меѓународен дипломат Мартин Грифитс (Martin Griffiths) како специјален дипломат и медијатор за Јемен. Преговорите на Грифитс со спротивставените страни се направени во Оман. Во согласност со воено-политичката состојба во Јемен и актуелната хуманитарна катастрофа, Советот за безбедност на ООН во април 2015 година воведува вооружено ембарго кон повеќе милитантни вооружени групи, од кои повеќето се однесуваат на бунтовничките групи на Хоути (Houthi). Ембаргото е временски лимитирано, но со можност да се продолжи.
Загрижени од воената ескалација предизвикана од бунтовничките групи на Хоути во повеќе делови на Јемен и актуелната хуманитарна состојба, Советот за безбедност на ООН преку воведувањето на ембаргото од април 2015 година ги принудува сите инволвирани страни во вооружениот судир да спроведат унилатерални акции со цел да го преминат процесот на политичка транзиција која го предлага ООН. Оваа мерка се предвидува преку Резолуцијата број 2216 усвоена на седницата на Советот за безбедност со која од вкупно 15 земји-членки (5 перманентни и 10 неперманетни или променливи земји-членки на Советот за безбедност), 14 се изјасниле позитивно, а Русија гласа воздржано.
Со оваа резолуција им се наметнува на бунтовничките групи Хоути веднаш да запрат со насилствата во областите на Јемен каде што имаат влијание, да се разоружаат, да учествуваат во процесот на создавање легитимна власт, да сопрат со провокативните активности насочени кон соседните држави на Јемен и да запрат со регрутирање на деца за воени цели. Резолуцијата, исто така, ги обврзува земјите-членки на ООН да преземат итни и неопходни мерки за превенција и прекин на снабдување со оружје и логистичка поддршка за воени цели на лидерите Абдулах Јахја Ал Хаким (Abdullah Yahya Al Hakim), Абд Ал Кхалик Ал Хути (Abd Al-Khaliq Al-Huthi) и други воено-политички лидери во Јемен, во согласност со параграф 19 од Резолуцијата 2140 на Советот за безбедност на ООН од 2014 година. Воведеното ембарго, според наведените резолуции, е во сила до 26 февруари 2019 година.

д-р Андреј Илиев


АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АРМ